Совет на Општина Делчево
Број 09-
27.02.2026 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Шестата седница на
Советот на Општина Делчево

Петтата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 27.02.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 14 советници

Оправдано отсутна беше Ангела Атанасова.

На седницата присуствуваше градоначалникот на Општина Делчево ,директорите на основните училишта, директорката на гимназијата, директорката на детската градинка, директорката на библиотеката , директорката на јавното комунално претпријатие, командирот на ТППЕ Делчево и претставници на медиумите.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот на Општина Делчево, Николчо Стојменовски.

За 6. седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

Дневен ред

1. Прашања и предлози на членови на Совет и на граѓаните на Општина Делчево.

На почетокот на седницата, Претседателот на Советот ги поздрави сите присутни: членовите на Советот, директорите на локалните институции, командирот на ТППЕ, претставниците на општинската администрација, претставниците на медиумите, граѓаните на Општина Делчево, делчевската и македонската јавност и им се заблагодари за нивното присуство. Тој истакна дека денешната седница е прва отворена седница во овој мандат која е посветена исклучиво на прашања и предлози од граѓаните и советниците до носителите на јавни функции.

Тој отвори расправа и за збор се **јави Адријана Илиевска Велковски** која рече дека иако можеби не е на темата, сепак ситуацијата налага да се проговори и на таа тема. Имено, таа како претставник на најбројната легитимно избрана советничка група во Советот на Општина Делчево, врз основа на Законот за локална самоуправа, Законот за животна средина и Законот за управување со отпад, во името на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, бараме службено произнесување на општинската администрација, односно се задолжува општинската администрација, усно или писмено, во најраток можен период, да даде одговор, во врска со гласините што кружат во јавноста околу евентуално отварање на погон за рециклирање или третман на медицински отпад на територијата на општина Делчево и тоа: дали е поднесена Иницијатива, барање или елаборат, датум на поднесување, кога е поднесена и кој е подносителот, до кој орган е поднесено барањето или иницијативата,односно кој го примил истото, дали е започната некаква постапка и дали е предвидена јавна расправа. Сите знаеме дека Советот на Општината е надлежен за донесување на одлуки за заштита на животната средина, урбанистичкото планирање и развојот на општината. Оттука бараме секоја постапка која е поврзана со отварање погон за рециклирање или било која загадувачка индустрија, особено веќе спомнатата загадувачка индустрија, да биде ставена како точка на дневен ред на седница на Совет, при што одлуката ќе се донесе на транспарентна и во

законска постапка, односно ќе се донесе одлука за забрана на отварање на било каков погон со загадувачки ефект на територијата на Општина Делчево.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека советничката од ВМРО ДПМНЕ убаво кажала дека сите работи треба да се решаваат во Советот и баш од тие причини тој како советник од Левица, до претседателот на Советот има поднесено Иницијатива за донесување одлука и измени на урбанистичката документација со цел забрана на изградба и работа на погони за тешка загадувачка индустрија, како и забрана за горење и складирање на медицински отпад на територијата на Општина Делчево. Тој истакна дека Иницијативата ја поднесува врз основа на:

- Член 8 од Уставот на Република Македонија (темелни вредности - уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина);
- Член 43 од Уставот (право на здрава животна средина);
- Член 22 став 1 точка 1, 2 и 10 од Законот за локална самоуправа (надлежности на општината во областа на урбанизмот, животната средина и локалниот економски развој);
- Законот за животна средина;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за урбанистичко планирање;
- Статутот на Општина Делчево;

Со Иницијативата тој предлага Советот на Општина Делчево да донесе Одлука со која ќе се утврди дека на целата територија на Општина Делчево не се дозволува изградба, реконструкција и работа на погони кои спаѓаат во категорија Г1 тешка загадувачка индустрија (А-интегрирани еколошки дозволи и други високоризични капацитети);

Потоа, да се забрани изградба и работа на инсталации за инсинерација (горење), третман и складирање на медицински и опасен отпад;

И да се задолжи градоначалникот и надлежните служби да изготват измени и дополнувања на важечките урбанистички планови со кои овие намени ќе бидат исклучени како дозволена дејност.

Реагираше претседателот на Советот кој рече дека на денешната седница има само 1 точка-прашања и предлози и сите треба да се придржуваат на дневниот ред.

Тони Стаменковски истакна дека има право да поднесе Иницијатива и да ги образложи пред советниците и граѓаните причините за нејзиното поднесување.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека е во ред загрижeноста на советникот од Левица за оваа тема и тоа е за поздравување и дека во ред е и иницијативата на координаторката на советничката на ВМРО ДПМНЕ, но, сепак, треба да се остави простор и на општинската администрација да може да ги разгледа овие иницијативи.

Претседателот на Советот, во врска со Иницијативата која е поднесена од страна на советникот од Левица, Тони Стаменковски, во целост го цитираше член 149 од Деловникот според кој: „Советот донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, јавните служби, установи и претпријатија, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓаните и други субјекти.

Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува на Градоначалникот заради давање мислење.

Ако градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го извести претседателот на Советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.

Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот.

Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот.

Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи

градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука.

За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата".

Тони Стаменковски рече дека тој има право да поднесе Иницијатива како советник.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека Иницијативата поднесена од Т.Стаменковски е во ред и тоа не е спорно. Таа е доставена до него на разгледување и произнесување по истата, односно давање Мислење. Но, за сè има пропишана процедура и таа треба да се почитува, според Законот, Статутот и Деловникот, градоначалникот нема пропишан рок за произнесување по Иницијативата, може да се произнесе по една година, но многу наскоро, тој ќе се произнесе по иницијативата. Тој рече дека според документацијата со која располага Општина Делчево реално нема потреба од донесување на Одлука во врска со иваа Иницијатива, но заради загриженоста на граѓаните и на советниците, овие иницијативи ќе се разгледаат на седница на Совет.

Адријана Илиевска Велковски таа рече дека е многу важно во услови кога во јавноста кружат шпекулации за наводна корумпираност и наружување на интегритетот на Советот, од страна на советникот Тони Стаменковски од Левица, се со цел за собирање политички поени и јавно плукање без немање аргументирани докази, за содавање страв и паника кај граѓаните на општина Делчево, како и дефокусирање од вистинските проблеми, сметаат дека единствениот начин за заштита на институционалниот углед е во Советот, со целосна транспарентност и јавно донесување на одлука. Советничката група на ВМРО ДПМНЕ секогаш останува цврста и на страната на заштитата на интересите на граѓаните, зачувувањето на животната средина и почитување на законските процедури. Таа рече дека на денешната седница треба да се проговори за еден друг проблем кој не треба веќе да се случува и многу говори за етичките и моралните вредности на некои советници. Таа рече дека ќе зборува со имиња и презимиња и нема да се занимава со шпекулации дека некои советници се корумпирани, дека патуваат во Лондон и Монако. Таа му се обрати јавно на Тони Стаменковски, член на Советот од Левица и рече дека му се извинува што фејсбук платформата не ја смета за место каде треба да се решаваат проблемите, при тоа мислејќи на негова објава на ФБ за некои патувања во Лондон и Монако на општински советници и вработени во Општинската администрација. Таа рече дека тоа што некои советници од ВМРО ДПМНЕ не се впуштиле во расправа не значи дека тоа го прават од срам, страв или нешто друго, туку едноставно сметаат дека Советот на Општината е местото каде што треба да се разговара и да се приложат „докази" диколку ги има советникот за некои советници од ВМРО ДПМНЕ, за наводна нивна корумпираност, исто така постојат јавни обвинители кои се надлежни за тие работи. Таа истакна дека се сеќава дека пред извесно време советникот исто така на ФБ бил прозван за нешто, па неговата реакција била барање за јавно извинување и поднесување кривични пријави. Не треба да се прави на никој тоа што не сакате вам да ви го прават, рече таа. Постои Закон за заштита и дискриминација според кој советникот не смее да користи говор на омраза. Самите шпекулации што тој ги изнесол кај советниците предизвикале презир, клеветење, оговарање и рече дека Советот под итно треба да донесе Етички кодекс на однесување на советниците, да се знае како советниците треба да се однесуваат на седници на Совет и како во јавноста. Ако сакаме да шпекулираме тогаш и јас ќе побарам од општинската администрација да ни ги достави сите емаилови кои биле доставени до нив за обвинување за евентуална корумпираност на некои советници и ќе побарам јавно да бидат објавени, па тогаш да се види кој, што и како работел, правел и пишувал.

Советникот треба да поседува интегритет, транспарентност, отчетност, треба да има почитување кон колегите, почитување кон граѓаните, почит кон политичкиот противник, да се избегнува судир на интереси.

На крајот таа рече: „Во иднина сите проблеми треба да се решаваат тука, а не на социјалните медиуми, сите овде сме со иста цел иако сме од различни партии, можеби нашите методи и начини на работа се различни, но целта на сите е иста, сите сме за Делчево и поради Делчево, а на нардната седница ќе побарам да се донесе Етички кодекс за однесување на советниците“.

Реплика имаше Тони Стаменковски кој рече дека не му е јасно зошто советничката од ВМРО ДПМНЕ е толку вознемирена кога тој во неговата објава на фејсбук не спомнал ниту имиња, ниту советнички групи, не сум напишал дека се однесува за Вас, можеби се однесува на колегите од СДСМ, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека премногу време се потрошило за нешто што не е на дневен ред и затоа предложи седницата да продолжи со единствената точка на дневен ред, односно прашања и предлози на членови на Совет и граѓани.

Тој истакна дека до него како претседател на Совет во текот на изминатите 10 дена се доставени прашања од грашани и тоа:

До директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево е поставено прашање:

1. Кога ќе се отвори новата детска градинка и дали ќе има место за сите дечиња?

Директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“ рече дека се надева оти новата Детска градинка ќе биде отворена на 1 септември и дека ќе има место за сите дечиња кои се на Листа на чекање.

Ирена Ристовска-член на Советот од ВМРО ДПМНЕ ја праша директорката:

1. Кои се понатамошните планови нза подобро функционирање на детската градинка?

Виолета Гиздовска-директорка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ рече дека имаа многу планови и се надева дека поголем дел од нив ќе бидат реализирани. Во пресрет на пролетта и убавото сончево време, градинката започнала со уредување на дворот на детската градинка со цел обезбедување на безбедна и сигурна средина со подобрени услови за поминување на подолго време на отворено. Во наредниот период се планира набавка на нова постелнина, збогатување на детската градинка со нови реквизити, играчки, промена на електричната инсталација, санирање на дел од оштетен кров, потоа освежување и обезбедување на дел од дотраената со нова ограда. Исто така е планира уредување на ентериерот со замена на дотраените теписи, набавка на нови шкафчиња и гардеробери, доопремување на централната кујна со набавка на нови шпорети и фрижидери, опремување на сензорна соба, се работи на проект химна на Детската градинка, во соработка со професорот Дејан Георгиевски-Sене, потоа се планира набавка на нови огласни табли со цел подобра информираност на родителите за се што се случува во градинката. Исто така, се планира и организирање на едукативни работилници со пренесување на искуство од Германија, се планираат и други активности, се со единствена цел,детската градинка да биде што попријатно место и удобна средина за дечињата и за вработените.

Градоначалникот на Општина Делчево ѝ се заблагодари на директорката за нејзината работа од назначувањето до денес и за делот на инвестираните капитални инвестиции во времето од кога таа стапила на функцијата. Тој го информираше Советот и јавноста дека во тек е партерно уредување на дворот на новата детска градинка, поставена е нова ограда, поставени се нови клупи, канти за отпадоци, летниковец, нови патеки, посеана е трева, засадени зимзелени декоративни дрвца. Во тек е тендер за внатрешно уредување на просториите во новата детска градинка. Градоначалникот истакна дека во иднина ќе се реконструира и ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ со средства од Министерството за локална самоуправа, со цел подобар и побезбеден пристап до објектот на детската традинка. Во врска со стариот (сегашниот) објект тој истакна дека се врши реорганизација на истата, се гради нова пристапна улица со тротоари, со цел зголемување на безбедноста на децата и со цел зголемување на атрактивноста на самиот објект.

Игор Гошевски-советник од СДСМ ја праша директорката зошто се доцни со иготвувањето на

Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ бидејќи во Програмата за работа на Совет, како краен датум е наведено 27.02.2026?

Директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“ рече дека така е, но се доцни од оправдани причини бидејќи се уште не е целосно конситуиран Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели цветови“, недостасува член на УО од Министерството.

Дејан Јовановски-советник од ВМРО ДПМНЕ ја праша директорката дали со отварањето на новата градинка ќе има нови вработувања, дали се планира вработување на дефектолог логопед и психолог бидејќи има реална потреба?

Директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“ истакна дека нашата градинка е градинка од среден капацитет што значи дека за стручниот тим се планираат две такви места (логопед и психолог), но има потреба од логопед и таа искрено се надева дека ќе се систематизира и тоа место. Кога ќе бида направена сензорната соба ќе има и услови за работа на логопедот, но претходно мора да се добие согласност од Министерството. Што се однесува до други нови вработувања, таа рече дека ќе се бара доколку има потреба, се зависи колку групи ќе бидат формирани и дали ќе се добијат нови согласности, рече директорката.

Претседателот на Советот имаше 2 прашања до директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“:

1. Дали училиштето оваа година извршило дезинфекција, дезинсекција и дератизација?

2. Каква е состојбата со затоплувањето?

Димитар Видимлиски, директор на ООУ „Св.Климент Охридски“ во соработка со центарот за јавно здравје изврши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и истата е извршена во централното основно училиште и подрачните училишта за време на зеимскиот распуст.

Во врска со второто прашање директорот истакна дека училиштето е снабдено со доволни количини на енергенси (дрва и нафта) и нема никаков проблем.

Градоначалникот на Општината, Иван Гоцевски рече дека проблем со затоплувањето има спортската сала. Има можност во иднина да се реши и тој проблем со тоа што ќе се донесе одлука на Совет и Општината ќе донира еден парен котел кој не се користи, а се наоѓа во старата општинска зграда. На тој начин ќе се овозможи затоплување на спортската сала и нејзино користење без проблем од страна на училишни спортски клубови, како и од други заинтересирани граѓани и др.субјекти.

Билјана Тодоровска-советник од ВМРО ДПМНЕ го праша директорот на ООУ „Св.Климент Охридски?“

1.Дали учениците се информирани и мотивирани за учество на разни натпревари?

Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ рече дека учениците од нивното училиште се информирани и мотивирани и учествуваат речиси секаде и истакна дека имаат постигнато и завидни резултати. Освоени се многу први места по разни предмети и тоа е за пофалба, а исто така и 2 и 3 места.

Претседателот на Советот го праша директорот:

1. Дали училиштето има добиено донации од страна на приватни и физички лица во форма на спортска опрема и слично?

Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ рече дека училиштето има добиено донации од приватни фирми во форма на спортска опрема и диспанзери за сапун при што го спомна Амбасадор (донирани топки во износ од 60.000 денари) и генерално се задоволни од донациите.

Од страна на наша сограѓанка Ана Витановска беше доставено прашање:

1. Дали е безбедна водата за пиење во ООУ „Св.Климент Охридски“?

Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ рече дека водата не е за пиење бидејќи при обилни врнежи на дожд во водата се појавува зголемено количество на калиум перманган. Земени се нови мостри, се очекуваат резултатите.

Претседателот на Советот ја праша директорката на ЈЛБ „Илинден“, Б.Петровска:

1. Дали се почитува работното време во ЈЛБ „Илинден“ од Ваша страна и од страна на вработените?

Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“ рече дека тврди дека  работното време с епочитува, како од нејзина, така и од страна на вработените. Можеби понекогаш има излегувања надвор од предвидената пауза или пак порано излегување од работа, но тоа е во случаи кога има потреба нешто да се набави за тековните активности или кога библиотеката организира настани после работното време, рече таа.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски ја праша директорката на ЈЛБ „Илинден“?

1. Дали се планира повторно отварање на клонот во с.Разловци, во смисла на подобрување на културната понуда во с.Разловци, бидејќи во тек е реконструкција на Спомен домот Разловечко востание?

Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево рече дека клонот на библиотеката во с.Разловци работел се додека не отишол во пензија Ванчо Спасевски-Чарли. Од страна на директорката биле поднесувани барања за согласност за пополнување на ова работно место, но безуспешно, не добила согласност.

Николчо Стојменовски, постави прашање од наш сограѓанин:

1. Дали советник од Општина Делчево има  купено возило од 1.300.000 денари, дали истото е внесено во анкетниотлист?

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека знае кој го поставил прашањето до претседателот и одгори дека има купено возило со средства од кредит, се е внесено во Анкетниот листа и се е транспарентно. Доколку некој го интересираат детали нека се логира на интернет страницата на ДКСК и таму има податоци.

До директорката на ЈКП „Брегалница“ од страна на граѓани беше поставено прашање:

1. Зошто собирањето на комуналниот отпад се наплаќа од м2 корисна површина, а не од лице?

Директорката на ЈКП „Брегалница“, Марија Сумрачка рече дека  Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ е тој орган кој има надлежност да го определува начинот и пресметката на услугите што ги дава ЈКП „Брегалница“-Делчево. Тие така одлучиле ѓубрарината да се плаќа по м2 корисна површина, а не од лице.

Прашање од граѓани до Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски:

1. Дали се планира продолжување на фекалната канализацијата во с.Ѕвегор бидејќи на канализација не се приклучени уште 7 куќи?

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека Општината во текот на 2026 година планира да изгради канализација и во с.Габрово и во с. Ѕвегор. Се очекува за 15 дена да отпочнат активностите за изградба, треба претходно да заврши постапката по јавната набавка.

Дејан Јовановски имаше прашање до Градоначалникот:

1. Дали може да се реши проблемот со уличното/јавното осветлување на пешачката патека?

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека на тој потег таму на повеќе места е прекинат кабелот, исто така многу столбови се оштетени намерно и апелираше до граѓаните да не ги уништуваат столбовите и светилките, како и другата урбана опрема бидејќи сето тоа е од граѓаните и за граѓаните.

Игор Гошевски-советник од СДСМ имаше прашање од граѓани до Градоначалникот на Општина Делчево кое се однесува до уличното осветлување:

1. Дали и кога ќе се санира проблемот со осветлување на ул. „Острец“?

2. Дали и кога ќе се санира проблемот со осветлување на ул. „Бигланска“?

3. Дали и кога ќе се санира проблемот со осветлување кај социјалната зграда зад автобуската станица?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека осветлувањето на ул.„Острец“ веќе е санирано, а за другите две, нема информации. Кај социјалната зграда проблемот е тоа што нема инсталирано мрежа за улично осветлување. На официјалната интернет страница на Општината има објавено Распоред или Месечен план на според кој ќе се одвиваат активности поврзани со уличното осветлување. Градоначалникот ги информираше советниците и јавноста дека е планирано поставување мрежа за улично осветлување во населба „Пролет“ и Централно градско подрачје.

Дејан Јовановски, советник на ВМРО ДПМНЕ имаше прашања до директорката на ЈКП „Брегалница“-Делчево и тоа:

1. Дали ќе има пролетно чистење на ендеци и водотеци?

2.Дали ќе биде исчистен ендек „Грозданец“?

3. Дали директорката планира да позајми специјално возило (под притисок) за чистење на канализација, како што се позајмувало порано?

Марија Сумрачка-директорка на ЈКП „Брегалница“-Делчево рече дека досегашните услови не дозволувале да се врши оваа активност, а сега со подобрување на временските услови, во соработка со општините, ќе се изврши пролетното чистење на ендеци.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека Општината има склучено Договор со Министерството за одбрана и Генералштабот за чистење на кејот на река Габровчица (под двата моста), а исто така во соработка со ЈКП „Брегалница“-Делчево има изготвено Програма која ќе оди на седница на Совет.

Што се однесува до ендекот Грозданец, тоа е децениски проблем, делови од ил. „В.С.Бато“ и „Грозданец“ не биле вклучени во канализација, во месец март ќе се реши и овој проблем.

Во врска со прашањето- Дали директорката планира да позајми специјално возило (под притисок) за чистење на канализација, како што се позајмувало порано, Марија Сумрачка директорка на ЈКП „Брегалница“ рече дека не планира да позајмува возило бидејќи тоа е времено, а не е трајно решение. Таа планира да инвестира во нова опрема и набавка на ново возило за чистење на канализација кое ќе биде нова додадена вредност на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Во врска со прашањето-Дали ќе се назначи тим за одржување на хигиената на локалитетот манастир Источен петок-Балаклија, директорката рече дека таа не е сигурна дека тоа е во надлежност на ЈКП, но ќе излезе на терен и ќе ја утврди фактичката ситуација.

До директорката на ЈКП „Брегалница“ и градоначалникот имаше прашање:

1. Дали и кога ќе се реши проблемот со пластичниот отпад на ул. „Генерал Темпо“?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека таму главниот проблем е со собирањето на големи количини пластичен отпад од страна на едно семејство и оставање на истиот на дел од улицата со што се отежнува нормалното движење по улицата. Семејството е од социјален ризик, од страна на општината е понудена алтернативна локација, а во иднина Општината ќе воведе и друга популарна мерка, сите оние граѓани кои ќе собираат пластичен отпад, ќе добиваат поврат на средства. Секако, а за ова Советт ќе треба да донесе одлука, рече тој.

Од страна на граѓани до градоначалникот беше поставено прашање:

1. Дали е точно дека средствата од ДИК за исплата на ОИК ина избирачките одбори за Локалните избори 2025 се префрлени на сметка на општината, а не се исплатени се уште на членовите на ОИК и на ИО?

2. Дали е направена ревизија на поплавите од 2023 година и колку семејства се исплатени?

3.Дали и кога ќе бидат исплатени овоштарите за голомразицата?

Градоначалникот на Општина Делчево, рече дека тоа не е точно, средствата од страна ДИК се уште не се префрлени на сметка на општината бидејќи имало промена во членовите на Управнит одбор. Управниот одбор веќе е конституиран и нема пречка од таков карактер за исплата на средствата. Инаку, законски тие средства треба да бидат исплатени од сметка на Општината бидејќи се локални избори, но бидејќи Општината е блокирана, законот дава можност, на блокираните

општини средствата да се префрлат од страна на ДИК.

Во врска со второто прашање тој истакна дека ревизија не е направена, а не е завршена и целата постапка која е предвидена со законот. Не е доставен финален извештај кој се доставува до Владата, според тоа нема ниту исплата. Одговорот е ист и за третото прашање-не е завршена и целата постапка која е предвидена со законот. Не е доставен финален извештај кој се доставува до Владата, според тоа нема ниту исплата.

До командирот на ТППЕ имаше поставено прашање што се презема од страна на ТППЕ во врска со евентуални пожарите во периодов што следува?

Од страна на командирот на ТППЕ Сашко Поповски, беше кажано дека во изминатиов период имале интензивна соработка со ЕВН, Дирекција за заштита и спасување, Национални шуми, ЈКП „Брегалница", Општина Делчево, Центар за управување со кризи и други релевантни субјекти со цел превентивно делување и справување на настанување на пожари. Тој истакна дека во ТППЕ Делчево има 24 часовно дежурство, располагаат со 4 ПП возила. Тој побара од ЈКП "Брегалница" да им биде доставен планот за хидрантски мрежи на територијата на општина Делчево.

До градоначалникот на Општина Делчево имаше поставено прашање:

1. Дали се планира субвенционирање за стерилизација и кастрирање на кучиња и мачки?

Градоначалникот на Општина Делчево, рече согласно донесената Програмата има економски оператор кој врши заловување и третман на кучиња скитници натериторијата на општина Делчево и дека од страна на Општината не се планира субвенционирање за стерилизација и кастрирање на кучиња и мачки. Трајно решение е изградба на стационар за кучиња. Тој информираше дека на ниво на Источен плански регион во текот на 2026 година ќе се изработи физибилити студија, тој стационар се планира да биде изграден на територијата на Пробиштип или Карбинци. Проблемот со кучињата скитници е голем и тоа е така секаде, во целата држава, не само кај нас, но уште поголем го прави малиот број на оператори што ја работат/вршат таа работа. Исто така има законски норми кои ги ставаат општините во ситуации да не можат да постапуваат секогаш кога има потреба. Мора ова прашање да се реши со изградба на стационар.

Претседателот на Советот како ветерионарен доктор рече, дека едно од решенијата на тој проблем, е изградбата на стационар, по примерот на општина Кавадарци, со вработување на луѓе. Нивниот пример покажува дека тоа е еден од начините за решавање на проблемот но не долгорочно, кастрацијата и стерлизацијата е трајно решение. Секој што има миленик да го кастрира или стерилизира миленикот и чипира, како и да има казни, санкции за сите што не се придржуваат на законските одредби, односно нехуманото третирање со животните да се третира ккао кривично дело, се знае како се чува миленик, рече тој.

Градоначалникот рече дека кучињата со жолта маркица не се скитници, тие се третирани од страна на операторот (кастрирани или стерилизирани), но сепак се на улица, над нив веќе општината нема надлежност, тука завршува се. Доколку некој забележи куче без маркица, треба да го пријави во Општината, кај комуналните редари. Затоа сметам дека вистинско решение е изградбата на стационар, рече тој.

Претседателот на Советот реше дека кучето со жолта ушна маркица, а нема сопственик е улично или бездомно куче, но сепак третирано (кастрирано или стерилизирано), а миленик е куче со чип кој не е видлив со голо око.

Во продолжение претседателот на Советот истакна дека до него има доставено неколку прашања од жените на с.Тработивиште преку Организација ЖЕНА до градоначалникот на Општина Делчево и тоа:

1. Неасфалтирани мал дел од улиците во селото.

-Улицата што ги поврзува ул„Пијанечка" со ул.„Даме Груев".

- Неасфалтиарана е улицата „Димитар Беровски"

-Тротарите се несредени

2. Фонтаната во селото да се покрие со натстрешница и да се стават клупи покрај неа;
3. Во село Трабботивиште не постои женско катче или простор за организирани активности на жени, каде тие би можеле да се информираат, обучуваат, разменуваат искуства и активно учествуваат во локалната заедница. Недостатокот на ваков простор ја намалува можноста за социјална и економска активност на жените, ограничува нивното влијание во донесување одлуки и ја слабее нивната видливост и улога во локалниот развој.
4. Во село Трабботивиште реката Желевица е загадена со габаритен отпад поради несовесно одлагање од страна на дел од жителите кои живеат покрај неа. Предлагаме да се спроведат редовни акции за чистење на реката Желевица со вклучување на жителите, училиштето и поставување на видео надзор.
5. Во селото отпадот не се собира редовно, што доведува до натрупување на ѓубре на јавни површини и околу домаќинствата
6.Во некои делови од селото водата е кафеава, со талог од кал. Се уште се азбестни водоводните цевки.

Во врска со овие прашања реагираше градоначалникот. Тој рече дека:
„ Сите оние невладини организации кои имаат потпишано Меморандум за соработка со Општина Делчево не значи дека Општината секогаш има обврска да одговора на нивните барања, предлози и прашања, бидејќи понекогаш се претерува со прашањата. Конкретно на Организација ЖЕНА е дадена просторија за работа на Младинскит совет и констатно стигаат до нас како општинска администрација барања, предлози и прашања. Кратко и јасно кажувам и барам да ме разберат, па макар да биде и на моја штета дека ние, како Општина даваме парични средства по различни програми и основи на невладини организации, неодамна имаше распишано јавен повик за невладини и граѓански здруженија и таму многу јасно беше кажано дека треба да поднесат програми за работа за кои добија средства. Добро би било и јас би бил среќен, да почнат да ги реализираат тие програми, а не да поднесуваат по 100 барања, прашања или предлози на ден, доколку ние како Општина одговараме на сите нив, нема да може да си ја вршиме нашата работа за која сме платени од страна на граѓаните. По 100 прашања и по 100 барања на ден, не се решение на проблемите на граѓаните, на реалните проблеми на граѓаните. Ние не сме ни Лас Вегас, ни Париз, не можеме да ги решиме сите проблеми. Јас ги имам овие прашања и на е-маил од Разловци и Трабботивиште и ќе ги прочитам и ќе дадам одговор. На повеќе невладини организации и здруженија ние по јавниот повик дадовме пари, ама време е тие здруженија веќе да почнат да ги реализираат,

Во врска со **првото прашање**/констатација неасфалтирани мал дел од улиците во селото за улицата што ги поврзува ул„Пијанечка" со ул.„Даме Груев", неасфалтирана е улицата „Димитар Беровски" и дека тротарите се несредени, градоначалникот истакна дека пред извесно време, после многу години се ревитализирани месните и урбаните заедници и како Општина ќе работиме според нивните приоритети, наскоро ќе се донесе и Програма за работа на месните и урбаните заедници. Тоа беше процес во кој учествуваа повеќе од 500 луѓе и јавно кажувам дека ние како Општина ќе работиме исклучиво по неа. Не може сè да се реализира, барања има и ќе има, но ќе се решаваат приоритетите на месните и урбаните заедници.

Во врска со **второто прашање** за да се покрие фонтаната, градоначалникот рече дека согласно Програмата за поставување урбана опрема не се предвидени такви работи (поставување настрешница) пред се поради улицата и сообраќајот

Во врска со **третото прашање**- „Во село Трабботивиште не постои женско катче или простор за организирани активности на жени, каде тие би можеле да се информираат, обучуваат, разменуваат искуства и активно учествуваат во локалната заедница. Недостатокот на ваков простор ја намалува можноста за социјална и економска активност на жените, ограничува нивното влијание во

донесување одлуки и ја слабее нивната видливост и улога во локалниот развој", градоначалникот рече ако има иницијатива од Месната заедница, истата да се достави до Општина Делчево.

Во врска со **четвртото прашање**- „Во село Трабтивиште реката Желевица е загадена со габаритен отпад поради несовесно одлагање од страна на дел од жителите кои живеат покрај неа.

Предлагаме да се спроведат редовни акции за чистење на реката Желевица со вклучување на жителите, училиштето и поставување на видео надзор", градоначалникот рече дека Општина Делчево нема предвидено таков план за преземање на активности за кои се потребни дозволи од други надлежни институции. Дадени се насоки за изготвување на посебна програма која ќе гио третира овој проблем и во зависност од средствата потребни за реализација, ќе се реализира во наредниот период.

Во врска со **петтото прашање**„ Во селото отпадот не се собира редовно, што доведува до натрупување на ѓубре на јавни површини и околу домаќинствата", градоначалникот истакна дека тоа не е точно, комуналниот отпад се собира редовно, а во иднина Општината ќе бара и други начини и решенија за овој проблем со комуналниот отпад на целата територија на општина Делчево

Во врска со **шестото прашање** „Во некои делови од селото водата е кафеава, со талог од кал. Се уште се азбестни водоводните цевки", градоначалникот истакна дека обезбедувањето на чиста, здрава и безбедна вода е сложен и долготраен процес кој согласно предвидената програма и приоритетите, Општина Делчево ќе ја спроведува континуирано.

До градоначалникот беа доставени прашања и од с.Разловци и тоа:

1. Недоволниот водоснабдителен капацитет и застарената инфраструктура резултираат со прекини во водоснабдувањето, особено во јули и август, кога потребата од вода е најголема.

Во врска со ова прашање Градоначалникот рече дека тој и Општина Делчево имаат направено целосна анализа за овој проблем со кој се соочуваат жителите на с. Разловци, како и жителите на други рурални населби каде има проблем со водоснабдувањето. Постапката за доставување на приоритети од месните и урбаните заедници веќе е завршена и истите се вклопени во Програмата за работа на Општина Делчево за 2026 година. Еден од клучните проекти е обезбедување на чиста и здрава вода за пиење на сите граѓани на општина Делчево и сите активности поврзани со ова ќе се реализираат согласно утврдената динамика.

Претседателот на Советот даде пауза од половина час.

***************************************

По паузата, седницата продолжи.

Претседателот на Советот ги прочита прашањата дотавени од Организација ЖЕНА кои се однесуваат на жителите од с.Разловци, ккао и други прашања на граѓани од нашата општина.

**До градоначалникот на Општина Дел**чево беа поставени следниве прашања **од жители на с. Разловци:**

2. Нема јавен превоз кон Делчево и околните места и на тој начин е отежната комуникацијата и достапот до услугите, а посебно здравствени и социјални услуги.

3. Неасфалтирани краци од улиците во селото.

4. Зголемена полициска контрола и редовна патрола во селото поради превенција од вандализам, агресија, нарушување на јавен ред.

5. Поставување на улично осветлување на влезот во црквата.

**Од граѓани на Први и Втори реон, до градоначалникот** беа поставени следните прашања:

1. Молба од граѓани, да се изврши санација на шахта на ул.„Светозар Марковиќ" пред влезот на Општина Делчево и ресторан Вигор.

2.Да се изградат нови пешачки скали/степеници помеѓу Први и Втори реон. Потребата е реална пред се поради безбедност и олеснето движење на децата, повозрасните луѓе и лицата со ограничена подвижност.

3. Да се реши проблемот со уличното осветлување во Втори реон бидејќи на еден дел не постои воопшто, а на другиот дел е нефункционално односно светилките не се заменуваат редовно и поради тоа движењето е небезбедно и постои зголемен ризик од сообраќајки.

4. Да се изгради фекална канализација помеѓу Први и Втори реон бидејќи дел од канализацијата тече во ендекот кој е во Централно градско подрачје и се создава непријатна глетка и мирис особено во летниот период.

5. Потребна е реконструкција на водоводна мрежа на ул. „Мирче Ацев“ во должина од 500 м, односно замена на азбестните цевки со ПВЦ бидејќи азбестните цевки се штетни за здравјето на луѓето и не се во соодветни со современите системи за водоснабдување и претставуваат сериозна опасност и закана за животот и здравјето на жителите.

6. Продолжување на дел ул. Ванчо Прке“ со асфалт или со тампонирање бидејќи при секој поголем дожд се создава кал, поради што движењето е отежнато и се загадува и оштетува асфалтот на оној дел од улицата каде што има.

7. Ревизија на ДУП (Втори реон) и повторно геодетско снимање бидејќи дел од имотните парцели се поместени за неколку метри што создава сомнеж за погрешно снимање/мерење и неусогласеност со ДУП.

Во врска со шестото прашање за недостигот од примарна здравствена заштита што значи дека мештаните мора да патуваат до Делчево или други населени места за основни медицински услуги, рецепти или лекови, што дополнително ги оптоварува нивните финансиски и временски ресурси, советничката од ВМРО ДПМНЕ и координаторка на Советничката група, Адријана Илиевска Велковски, рече дека тоа не е во надлежност на локална власт, на градоначалникот и на Советот. Тоа е во надлежност на матичните лекари, т.е оној матичен лекар кој го покрива с. Разловци, односно онаа ПЗУ која поднела барање и добила концесија за с. Разловци така што мештаните треба да се обратат до него.

Адријана Илиевска Велковски, координаторка на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, имаше прашање до директорката на СОУ „М.М.Брицо“, Марина Синадиновска:

1. Дали е решен проблемот со спортската сала бидејќи имаше некој проблем?

2.Релативно кратко време сте на должноста ВД директор на ЈКП „Брегалница“ кои се предизвиците, односно пробежлемите со кои се среќавате, наследени, стекнати на кои е потребно да посветите поголемо внимание, или Ви е потребна помош на било кој начин од Општината, од Советот, праша таа?

Директорката на СОУ „М.М.Брицо“, Марина Синадиновска рече дека решавањето на проблемот со хигиената во спортската сала бил сериозен предизвик бидејќи истата била подолго време запуштена. Таа се заблагодари на Општина Делчево за помошта која им била обзебедена во чистењето и средувањето на спортската сала. Таа рече дека спортската сала е темелно исчистена, во меѓувреме е обезбедено и лице кое ќе биде ангажирано за одржување на хигиената на спортската сала со што ќе бидат обезбедени нормални услови за одвивање на сите спортски и други активности во неа.

Во врска со второто прашање, директорката истакна дека предизвици има многу, она што е предизвик за неа е одржување на објектите кои се сопственост на гимназијата во добра состојба, воведување на нови атрактивни струки и паралелки со цел привлекување и задржување на учениците во гимназијата, решавање на тековни работи кои не се предвидуваат, едноставно се случуваат, континуирана и понатамошна соработка со Општина Делчево, Министерството за образование и наука и други надлежни институции, се со цел и во интерес на учениците, наставниот кадар и се разбира Општината.

Игор Гошевски-советник и координатор на советничката група на СДСМ, ја праша директорката на СОУ „М.М.Брицо“:

1. Дали има План за задржување на учениците од основните училишта и нивно привлекување

за упис во гимназијата и дали има план за отварање на нови струки?

Директорката истакна дека менаџерскиот тим и таа како раководител на институцијата ги „апдејтуваат“ сите постоечки планови и новонастанатите ситуации кои се однесуваат на промени во различните концепции коишто ќе се имплементираат од страна на Министерството за образование и наука и благодарение на севкупната ангажираност од страна на училиштето реализирани се повеќе средби со бизнис секторот, со Општина Делчево, со претставници на МОН, со претставници на други училишта. Во делот за привлекување на повеќе ученици од основните училишта и оваа година ќе продолжат континуирани средби со директорите на двете основни училишта за анимирање на поголем дел ученици за упис во гимназијата но, сепак,таа рече дека тој дел не може многу да се направи, бидејќи бројот на ученици е тој. На крајот директорката изрази надеж дека со заеднички напори и заложби на сите релевантни фактори, сепак, ќе успеат да запишаат поголем број на ученици.

Исусе Десподовски-советник од ВМРО ДПМНЕ постави прашање до директорот на ООУ „Ванчо Прке“, Сашко Ивановски:

1. Какви мерки презема училиштето за подигање на свеста на учениците во борбата против болестите на зависност?

2. Дали училиштето има соработка со хуманитарни организации?

По доаѓањето на функцијата директор на ООУ „В.Прке“ првата работилница што била организирана била на тема за штетните последици од употреба на пиротехнички средства. Исто така во соработка со Полициската станица од ОН Делчево била организирана работилница за подигање на свеста на учениците во борбата против болестите на зависност и била организирана инерактивна работилница за зависноста од пушењето цигари, како и за штетните последици по здравјето на учениците. Во соработка со Регионалниот центар за застапување е организирана и спроведена работилница за производство на ѓубриво за произведување расад и одгледување на автохтони сорти на овошки карактеристични за нашето поднебје кои се во изумирање. Се предвидува да се органзира средба со учениците од помала возраст за денталната хигиена и важноста на оралното здравје. Исто така планирано е организирање и средба со претставници на СОУ „М.М.Брицо“ со цел да се помогне околу уписот на што поголем број ученци од училиштето во нашето средно училиште и презентирање на придобивките од тоа.

Во делот на соработка со хуманитарни организации, на прво место е континуираната соработка со ОО на Црвениот крст која оваа година е засилена со нови волонтери. Сите тие активности кои се реализирани и кои треба да се реализираат се наведени во Програмата за работа на училиштето.

Игор Гошевски, советник од СДСМ и координатор на Советничката група, рече дека на буџетскиот форум било констатирано дека училиштето нема доволно средства за изградба на хидрантска мрежа и советничката група на СДСМ поднела амандман, но истиот не бил прифатен, но беше кажано дека ќе се разгледа во иднина. Дали имате информации, како и кога ќе се реши тој проблем?

Сашко Ивановски, директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, рече дека со последната интегрална евалуација на училиштето како слаба страна било констатирано тоа дека има недостаток на хидрантска мрежа. За истата има изработено технички проект и истиот проект на буџетските форуми поминал како приоритет. Инаку училиштето има многу малку средства за таа намена, но тој се надева дека градоначалникот ќе излезе во пресрет со општински средства.

Адријана Илиевска Велковски имаше прашање до двајцата директори на основните училишта:

1. Дали размислувате за активна соработка меѓу двете основни училишта (заеднички активности спортски натпревари и слично)?

Сашко Ивановски директор на ООУ „Ванчо Прке“ рече дека тоа прашање е добро, за почеток на една таква соработка било заедничкото прославување на полуматруската вечер, заеднички се

организираат спортски натпревари, се размислува за изведување на заеднички екскурзии, но согласно законските норми, сега засега тоа не е изводливо.

Димитар Видимлиски директор на ООУ „Св.Климент Охридски" истакна дека двете основни училишта редовно организираат заеднички и меѓусебни спортски натпревари.

Дејан Јовановски-советник од ВМРО ДПМНЕ го праша директорот на ООУ „„Ванчо Прке":

1. Што се случило со обезбедувањето на исхрана за учениците?

2. Дали се планира вработување на дефектолог?

3. Дали се планира реконструкција на тениското игралиште?

Сашко Ивановки директор на ООУ „Ванчо Прке" во врска со прашањето за исхраната на учениците рече дека тоа моментално не е регулирано бидејќи никој од операторите кои нудат таква услуга не сакаат да прифатат под тие услови. Организирањето на кујна во училиштето бара многу средства и посебни услови. Во месец септември се планира едукативна работилница на тема предноста и придобивките на здравито начин на исхрана, топлата храна/оброк.

Во врска со прашањето за вработување дефектолог, директорот истакна дека постоечките законски одредби дозволуваат 1 дефектолог и за двете основни училишта иако потребата е голема и има ученици кои имаат таква потреба. Тие како училишта постојано бараат согласност за вработување на дефектолог но постојано има негативен одговор од страна на МОН.

Дејан Јовановски, советник од ВМРО ДПМНЕ постави прашање до директорката на ЈКП „Брегалница"-Делчево:

1. Дали вработените во ЈКП „Брегалница" редовно ги читаат водомерите?

Директорката на ЈКП „Брегалница" рече дека во врска со тоа имало поплаки од граѓаните, постапено е по нивните поплаки и барања и се преземени мерки за исправки на фактурите. Доколку има граѓани со таков проблем, слободно нека дојдат во архива, да поднесат барање и ќе се постапи веднаш по барањето.

Игор Гошевски, координатор на Советничката група на СДСМ, ја праша директорката на ЈКП „Брегалница"-Делчево:

1.Кога ќе се реши проблемот со дефектот на канализацијата на ул.„Голачка"?

2. Зошто не е изготвена сè уште Програмата за работа на ЈКП „Брегалница" за 2026 година?

Директорката на ЈКП „Брегалница" Делчево рече дека во врска со дефект на канализација на ул. „Голачка" дека таа не знае за таов дефект, до неа не е доставено барање. Барањата се доставуваат до неа како директор и потоа таа дава работен налог за постапување по барањето.

Во врска со второто прашање таа рече дека Програмата за работа на ЈКП е изготвена, ама не е разгледана и усвоена од страна на Управниот одбор. За наредна седница на Совет ќе ја има.

Претседателот на Советот ја праша директорката дали УЈП пресметала 500.000 денари камата за неплатениот долг на ЈКП кон и дали таа како директор ќе побара одговорност од претходното раководство?

Директорката на ЈКП „Брегалница рече дека од 8 месец 2024 до 11 месец 2025 долгот за неплатен ДДВ кон УЈП е пресметан на 1.600.000, плус 500.000 денари казнена камата на која треба да се плати еднократна такса од 5%, плус 120.000 денари на главниот долг и на каматата која ЈКП треба да ја плати во наредниот период. Секако дека ќе побарам одговорност, ќе покренам постапка пред надлежните институции за одговорност на претходното раководство да утврдат дали имало несовесно работење.

Претседателот на Советот ја праша директорката на ОЈУДГ „Весели цветови", Виолета Гиздовска:

1. Дали се предвидени повеќе активности во природа оваа година?

Директорката на ОЈУДГ „Весели цветови" рече дека се предвидуваат повеќе активности во природа оваа година, заради тоа се врши и уредување на дворната површина, секако веќе доаѓаат убави сончеви денови и тоа треба да се искористи, што повеќе време децата да престојуваат во

природа. Исто така, се предвидуваат и екскурзии за посета на  фарма со јарињa и приватен погон за производство на тестенини.

Катерина Величковска-советничка од СДСМ, постави прашање до ЈКП „Брегалница", Марија Сумрачка":

1. Колку изнесувал вкупниот наследен долг по основ на даноци во 2017 година заклучно со 31.12.2017 година и колкав е износот на истиот долг заклучно со денешен датум.

Директорката рече дека на ова прашање ќе даде писмен одговор.

Горан Димитровски,  постави прашање до Секторот за урбанизам

1. Да се постави соодветна сообраќајна сигнализација на магистралниот пат М-5 („Булевар Македонија") во близина на кафеаната „Беровец" заради подобрување на безбедноста пред сѐ на учениците, родителите и сите граѓани кои се движат на тој потег.

Дејан Јовановски, до директорката на ЈКП „Брегалница" постави прашање:

1. Дали се планира решавање ан проблемот со отпадот во дворот на ЈКП „Брегалница"?

Директорката на ЈКП „Брегалница", Марија Сумрачка рече дека навистина е грда слика од отпадот кој се наоѓа во дворот на претпријатието, но директорката се уште не може да преземе ништо додека не се спроведе целосна законска постапка за отуѓување на отпадот.

Бидејќи немаше други прашања, на крајот за збор се јави Адријана Илиевска Велковски која изрази благодарност до директорите, за нивното издвоено време, за храброста и соработката и за нивната спремност, денес на седницата да одговараат на прашањата од советниците и граѓаните. Таа рече дека Советот на Општина Делчево секогаш ќе биде тука за нив, за нивните проблеми и потреби, секогаш спремни  за соработка.

Претседателот на Советот исто така изрази благодарност до директорите за нивната соработка и спремноста да  одговораат на прашањата на граѓаните и советниците. Тој рече дека е задоволен од денешната седница која е прва отворена седница на Совет досега, но не и последна.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 6.седница заврши со работа во 13:00 часот.

Записникот го водела

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски